**Упатство за правење на семинарските по предметите**
**Пракса во индустрија, мали и средни претпријатија (ПИМСП**
**Хидрауличен и пневматски транспорт и**
**Системи за хидрауличен и пневматски транспорт**

1. Вовед:
   За **ПИМСП:** опис на компанијата, опис на процесот каде сте ја изведувале праксата и сл.
   За **ХПТ** и **СХПТ**: општо за проблемот кој е предмет на вашата семинарска, претходни знаења, поими, големини кои се потребни за опишување на проблемот, суштината и физикалноста на проблемот кој што се анализира background)

2. Теориски и методолошки основи за решавање на проблемот:
   За **ПИМСП:** колку често сте доаѓале на пракса, како Ве водел назначениоте ментор во компанијата, задолженија кои биле зададени, методите на испитување;
   За **ХПТ** и **СХПТ**: физички и математички модел и соодветни математички методи/техники со кои се решава проблемот, предмет на семинарската

3. Практична примена или реализација на предметот на семинарската и приказ на тоа што е најдено од пошироката литература или интернет (дополните најдени материјали се добиваат дополнителни бодови)
   За **ПИМСП:** опис на тоа што Ве обучиле и што сте изведувале практично;
   За **ХПТ** и **СХПТ**: опис на тоа како е изведен одреден систем и како тој се применува низ задачи или практични примери

4. Анализа на резултатите и дискусија
   За **ПИМСП:** вашите научени знаења, како сте ги сфатиле, дали постоел проблем и дали сте донеле некаков заклучок;
   За **ХПТ** и **СХПТ**: низ равенките и примената кои се заклучоците поединечно за проблемот, отворени прашања, дополнување на истражувањето, модификација на изведбите. Ако е пребарувано по друга литература или интернет и сте дошле до други или слични заклучоци или решенија преку дискусијата да се направи споредба. За последното се добиваат дополнителни бодови.

5. Заклучок („рекапитулар“ или резиме на кажаното од т-ки 1-4 со 1 до 2 реченици, тоа што Вие лично сметате дека е важно).
   За **ПИМСП**: што вие сте научиле, дали сте задоволни, дали сте напредувале и колку;
   За **ХПТ** и **СХПТ**: тоа што Вие сметате дека треба да се запомни од материјалот и како тоа понатаму може да се примени за решавање на друг или сличен проблем.

6. Презентацијата да не биде подолга од 20 мин и да има 10 мин простор за прашања. Да нема повеќе од 15-20 слајда.

7. Задачите да бидат вклучени во семинарската. Ќе има дополнителни 10 мин за презентирање на задачите. Притоа, повеќе да се обрне внимание на принципот на решавање и теоретските основи кои се во врска со решението на задачата.